Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Управа за извршување на санкциите

# УПАТСТВО
# ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ НА ОСУДЕНО ЛИЦЕ НАДВОР ОД УСТАНОВАТА

Скопје, јуни 2020 година

Врз основа на член 29 став (2) од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19 и 220/19), директорот на Управата за извршување на санкциите донесе

# УПАТСТВО
## за условите, начинот и постапката за работно ангажирање на осудено лице надвор од установата

### Член 1

Со ова упатство се пропишуваат условите, начинот и постапката според кои осудено лице кое издржува казна затвор може да биде работно ангажирано надвор од установата.

### Член 2

Осудено лице може да биде работно ангажирано надвор од установата, односно да биде работно ангажирано кај работодавач или да извршува сопствена дејност, доколку:

- има согласност од осуденото лице да биде работно ангажирано надвор од установата;
- осуденото лице на кое му е изречена казна затвор над шест месеци да има издржано најмалку 30 дена по извршената класификација во отвореното одделение или веднаш по прогресирање во отвореното одделение;
- на осудено лице му е изречена казна затвор до шест месеци, веднаш по извршената класификација во отворено одделение или веднаш откако осудено лице прогресирало во отворено одделение;
- остатокот од казната затвор да изнесува најмногу три години за примарни сторители на кривично дело или најмногу две години за лица претходно осудувани на казна затвор;
- осуденото лице е со добра здравствена состојба, со добро поведение, изградено чувство на одговорност и го почитува Куќниот ред на установата;
- природата на работата што ќе ја извршува осуденото лице надвор од установата да не е поврзана со стореното кривично дело;
- против осуденото лице да не се води друга кривична постапка и
- адресата каде што осуденото лице ги извршува работните задачи во правното лице-работодавач, да е оддалечена од казнено-поправната установа најмногу до 40 километри.

## Член 3

Согласност за работа надвор од установата дава директорот на Управата за извршување на санкциите, врз основа на:

- барање од правно лице или институција за работно ангажирање на осуденото лице во кое се наведува видот на работното место каде ќе биде работно ангажирано осуденото лице и местото каде ќе ги извршува работните задачи или доказ за извршување на сопствената дејност и местото каде ќе ја извршува дејноста;
- податоци за адресата на работодавачот на местото на кое осуденото лице ќе ги извршува работните задачи и оддалеченоста на работодавачот од казнено-поправната установа;
- изјава од осуденото лице дека се согласува да биде работно ангажирано надвор од установата и дека доколку биде работно ангажирано ќе се воздржува од сторување на било каков вид на кривично дело;
- податоци за видот на кривичното дело, висината на изречената казна затвор, почетокот и истекот на казната затвор, податоци за поранешна осудуваност и дали против осуденото лице се води друга кривична постапка и
- мислење од установата за степенот на реализација на индивидуалната програма за третман, податоци од извршената проценка на ризик, извештај од здравствената состојба, податоци за дисциплинска одговорност на осуденото лице.

## Член 4

Документацијата од член 3 од ова упатство се поднесува до директорот на Управата за извршување на санкциите преку директорот на установата во која осуденото лице ја издржува казната затвор.

Директорот на Управата за извршување на санкциите ги испитува наводите во поднесената документација од член 3 став 1 од ова упатство и донесува одлука во рок од осум работни дена од денот на приемот на истата.

## Член 5

Договорот за работно ангажирање на осуденото лице надвор од установата го потпишува директорот на установата по претходна согласност на директорот на Управата за извршување на санкциите.

Еден примерок од договорот се доставува до Управата за извршување на санкциите заради евиденција.

## Член 6

Договорот за работно ангажирање на осуденото лице надвор од установата, покрај општите одредби, треба да содржи и одредби за:

- работното место и детален опис на работните задачи на осудено лице;
- местото и адресата каде осуденото лице ќе ги извршува работните задачи;
- денови во месецот во кои ќе се извршува работата, односно дејноста;
- работно време на осуденото лице, но не подолго од 40 часа неделно;
- висина на месечен паричен надоместок;
- број на жиро сметка на договорните страни;
- обврска на правното лице или институцијата еднаш месечно да доставува извештај за однесувањето на осуденото лице на работното место каде е ангажиран, исполнувањето на работните задачи и редовноста на работното место и
- околности под кои ќе се раскине договорот за работно ангажирање на осуденото лице.

## Член 7

Директорот на установата е должен да формира комисија за контрола на осудените лица на работните места на кои се ангажирани (во натамошниот текст: комисија).

Комисијата е од променлив состав од три члена кои се избираат секој месец од страна на директорот на Установата.

Комисијата е должна е да врши контрола на работно ангажираните осудени лица, најмалку два пати месечно.

## Член 8

Комисијата е должна да изготвува месечен извештај за извршените контроли, кој го доставува до директорот на установата.

Месечниот извештај за извршени контроли треба да содржи податоци за правното лице – работодавач каде е извршена контролата и име и презиме на осуденото лице кое е работно ангажирано, податоци дали осуденото лице го почитува работното време како и податоци за однесувањето на осуденото лице на работното место каде е ангажирано, исполнувањето на работните задачи и редовноста на работното место.

Месечниот извештај се доставува и до Управата за извршување на санкциите најдоцна до 10-ти во тековниот месец за претходниот месец, заради евиденција.

### Член 9

Договорот за работно ангажирање на осуденото лице надвор од установата ќе се раскине доколку:

- против осуденото лице е изречена дисциплинска казна за потежок дисциплински престап или покрената кривична постапка;
- не се почитуваат договорните обврски на осуденото лице или од страна на правното лице, односно институцијата;
- осуденото лице не биде пронајдено на работното место при вршење на контрола од страна на Комисијата или при надзор од страна на службени лица од Управата за извршување на санкциите и
- правното лице или институцијата каде е работно ангажирано осуденото лице не доставува месечен извешај согласно член 6 став 1 алинеја 7 од ова упатство или оневозможува да се спроведе контрола од страна на Комисијата или при надзор од страна на службени лица од Управата за извршување на санкциите.

### Член 10

Директорот на Установата е должен веднаш да го раскине договорот за работно ангажирање на осуденото лице надвор од установата, доколку се појават некои од околностите наведени во член 9 од ова упатство.

За раскинувањето на договорот директорот на казнено-поправната установа е должен во рок од осум дена писмено да ја информира Управата за извршување на санкциите.

### Член 11

Недоставувањето на месечни извештаи за извршени контроли на Комисијата од страна на казнено-поправната установа или доставување на извештаите по истекот на пропишаниот рок од член 8 на ова упатство до Управата за извршување на санкциите најмалку за три месеци во текот на годината, може да претставува основ за повлекување на согласноста и раскинување на сите договори на казнено-поправната установа за работно ангажирање на осудени лица надвор од установата.

**Член 12**

Договорите за кои е дадена согласност за работно ангажирање на осудено лице надвор од установата пред стапувањето во сила на ова упатство, продолжуваат да важат до денот до кога се склучени.

**Член 13**

Со денот на влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за условите, начинот и постапката за работно ангажирање на осудено лице надвор од установата број 07-1287/1 од 23.12.2011 година, Упатство за изменување и дополнување на Упатството за условите, начинот и постапката за работно ангажирање на осудено лице надвор од установата број 07-437/1 од 18.04.2012 година, Упатство за изменување на Упатството за условите, начинот и постапката за работно ангажирање на осудено лице надвор од установата број 07-838/1 од 11.09.2012 година и Упатство за изменување и дополнување на Упатството за условите, начинот и постапката за работно ангажирање на осудено лице надвор од установата број 08-82/1 од 11.01.2019 година.

**Член 14**

Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ,
Јовица Стојановиќ

Број 01-1058/1
23.06.2020
Скопје